**20220670773**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 март 2022 година.

Бр. 08-1280/1
16 март 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

### ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 180/19, 275/19, 31/20 и 267/20), во член 37 ставот (1) се менува и гласи:

„Усогласувањето на старосната пензија се врши според движењето на индексот на трошоците на животот во висина од 50% и порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во висина од 50%.“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Пензијата од ставот (1) на овој член, се усогласува на 1 март и на 1 септември секоја година според процентот кој се добива како збир на порастот на индексот на трошоците на живот во претходното полугодие и процентот на порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи.“.

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3) и (4).

Ставовите (4) и (5) се бришат.

Член 2

Во член 76 став 1 точка 1) во потточката в) сврзникот „и“ се заменува со точка запирка.

Во потточката г) точката и запирката на крајот од реченицата се бришат и се додава сврзникот „и“.

По потточката г) се додава нова потточка д), која гласи:

„д) пиротехничари вработени во Дирекцијата за заштита и спасување кои се распоредени на работи и задачи раководител на одделение на пиротехничари - водител на тим и пиротехничар.“.

Член 3

Со исплатата на пензијата за месеците март, април и мај 2022 година, на секој корисник на пензија Фондот ќе исплати еднократен додаток во висина од 1.000,00 денари за месеците март, април и мај 2022 година.

Еднократниот додаток од ставот (1) на овој член, ќе се исплати од средствата на Фондот.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.